Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, Правен факултет
Штип, Република Македонија

ЧЕТВРТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА



# ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

**Штип, 2017**

Fourth International Scientific Conference: SOCIAL CHANGE IN THE GLOBAL WORLD © 2017 Copyright Goce Delcev University in Shtip, Republic of Macedonia. Address: Goce Delcev University, Shtip, Faculty of Law, ul. Krste Misirkov bb, PO box 201, 2000, Shtip, R. Macedonia. www.ugd.edu.mk;

**Печати / Print 2-ри Август-Штип / 2- ri Avgust- Shtip**
**Уредник: Елена Максимова**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

3(082)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција Општествените промени во глобалниот свет (4 ; Штип)
Општествените промени во глобалниот свет : зборник на трудови / Четврта меѓународна научна конференција = Social change in the global world : proceedings / 4 th international scientific conference = Социальные изменения в глобальном мире : сборник материалов / Четвертый международная научная конференция. - Штип : Универзитет Гоце Делчев = Shtip = Goce Delcev University = Штип = Университет Гоце Делчева, 2017. - [1210] стр. : табели ; 25 см

Трудови на мак., англ. и рус. јазик. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-423-9

а) Општествени науки - Зборници
COBISS.MK-ID 103854858

Goce Delcev University in Shtip, Faculty of Law
Shtip, Republic of Macedonia

FOURTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

# SOCIAL CHANGE IN THE GLOBAL WORLD



## PROCEEDINGS

**Shtip, 2017**

Университет им. Гоце Делчева, Юридический факультет
Штип, Республика Македония

ЧЕТВЕРТЫЙ МЕЖДУНАРОДНАЯ НАУЧНАЯ КОНФЕРЕНЦИЯ

# СОЦИАЛЬНЫЕ ИЗМЕНЕНИЯ В ГЛОБАЛЬНОМ МИРЕ

СБОРНИК МАТЕРИАЛОВ

**Штип, 2017**

## Организациски комитет / Organizational Committee/ Организационный комитет конференции

Jovan Ananiev PhD, Faculty of Law, University "Goce Delcev"- Shtip, Macedonia, jovan.ananiev@ugd.edu.mk

Kristina Misheva PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristina.miseva@ugd.edu.mk

Marija Ampovska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, marija.radevska@ugd.edu.mk

Elena Maksimova, LL.M, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, elena.ivanova@ugd.edu.mk

## Програмски комитет / Program Committee / Программный комитет конференции

Adoyi Onoja PhD, Nassarawa State University, Keffi, Nigeria, onojaa@yahoo.com

Afet Mamuti PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, afet.mamuti@unite.edu.mk

Agim Nuhiu PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, agim.nuhiu@unite.edu.mk

Agor Sarkisyan PhD, University of Svishtov, Bulgaria, agop@uni-svishtov.bg

Alenka Verbole PhD, currently- OSCE Mission in Tirana, University of Ljubljana, Slovenia, alenka.verbole@osce.org

Altin Shegani PhD, Faculty of Law, University of Tirana, Albania, altin_shegani@yahoo.com

Ana Nikodinovska Krstevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, ana.nikodinovska@ugd.edu.mk

Anastasia Bermúdez Torres PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liege, Belgium, abermudez@ulg.ac.be

Andon Majhoshev PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, andon.majhosev@ugd.edu.mk

Bekim Beliqi PhD, University of Prishtina, Department of Political Science, Kosovo, bekim.baliqi@gmail.com

Belul Beqaj PhD, University of Business and Technology, Department of Political Science, Prishtina, Kosovo, belul.beqaj@gmail.com

Borka Tushevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, borka.tusevska@ugd.edu.mk

Elena Ivanovna Nosreva PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, elena@nosyreva.vrn.ru

Gabriela Belova PhD, Faculty of Law, University "Neofit Rilski", Blagoevgrad, Bulgaria, gbelova@hotmail.com

Gemma Andreone PhD, Institute for International Legal Studies of the Italian National Research Council (ISGI - CNR), Italy, gemma.andreone@gmail.com

Haluk Aydin PhD, Faculty of Arts and Sciences, Balıkesir University, Balıkesi, Turkey, aydinhaluk@hotmail.com
Igor Kambovski PhD, Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip, Macedonia, igor.kambovski@ugd.edu.mk
Ivana Bajakić PhD, Department of Economic Sciences, Faculty of Law, Zagreb, Croatia, ivana.bajakic@pravo.hr
Kristina Misheva PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristina.miseva@ugd.edu.mk
Kristine Whitnable PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristine.whitnable@ugd.edu.mk
Jadranka Denkova PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, jadranka.denkova@ugd.edu.mk
James C. Helfrich PhD, Global Scholars, Liberty University, Colorado, USA, jchelfrich@aol.com
Jovan Ananiev PhD, Faculty of Law, University “Goce Delcev”- Shtip, Macedonia, jovan.ananiev@ugd.edu.mk
Jusuf Zejneli PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, jusuf.zejneli@unite.edu.mk
Maciej Czerwinski PhD, Institute of Slavic Philology, Jagiellonian University, Krakow, Poland, maciej.czerwinski@uj.edu.pl
Marieta Olaru PhD, Doctoral School in Business Administration, Research Center for Business Administration, Department of Business, Consumer Sciences and Quality Management, The Bucharest University of Economic Studies, Romania, olaru.marieta@gmail.com
Marija Ignjatovic PhD, Faculty of Law, University of Nis, Serbia, marija@prafak.prafak.ni.ac.rs
Marina Valentinovna Sencova (Karaseva) PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, smv@law.vsu.ru
Mato Brautović PhD, University of Dubrovnik, Croatia, mbraut@unidu.hr
Migena Leskoviku PhD, Law Faculty, European University of Tirana, Albania, migena.leskoviku@gmail.com
Natalia Vladimirovna Butusova PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, butusova@law.vsu.ru
Naser Ademi PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia , dr.naserademi@gmail.com
Nives Mazur Kumrić PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liège, Belgium, nives.mazurkumric@ulg.ac.be
Olga Koshevaliska PhD, University “Goce Delcev”- Shtip, Faculty of Law, Macedonia, olga.kosevaliska@ugd.edu.mk
Patrick Wautelet PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liege, Belgium, patrick.wautelet@ulg.ac.be
Recai Aydin PhD, Associate Professor, Vice Rector of International University of Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, raydin77027@yahoo.com
Ruzica Simic Banovic, PhD in Economics, Senior Assistant - Lecturer, Faculty of Law, University of Zagreb, Croatia, ruzica.simic@pravo.hr

Senada Sabic Selo PhD, Institute for International Relations, Zagreb, Croatia, senada@irmo.hr
Silviu G. Totelecan PhD, Cluj-Napoca Branch of Romanian Academy, Socio-Human Research Department of "G. Baritiu" History Institute, Romania, silviu.totelecan@g,ail.com
Slavejko Sasajkovski PhD, Institute for Sociological, Political and Legal Research, University “St. Cyril and Methodius”, Skopje, Macedonia, bilbilef@isppi.ukim.edu.mk
Strahinja Miljkovića PhD, Faculty of Law, Mitrovica, strahinja.miljkovic@pr.ac.rs
Strashko Stojanovski PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, strasko.stojanovski@ugd.edu.mk
Suzana Dzamtoska Zdravkovska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, suzana.dzamtoska@ugd.edu.mk
Tamara Perisin, MJur (Oxon) PhD, Department of European Public Law - Jean Monnet, University of Zagreb - Faculty of Law, Croatia, tamara.perisin@pravo.hr
Tatjana Petrovna Suspicina PhD, Moscow Law Academy, Moscow, Russia
Tunjica Petrašević PhD, Faculty of Law, University of Osijek, Croatia, tpetrase@pravos.hr
Yuriy Nikolaevich Starilov PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, juristar@vmail.ru
Wouter Van Dooren PhD, Public Administration and Management, University of Antwerp, Belgium, wouter.vandooren@uantwerpen.be
Zoran Tomic PhD, University of Mostar, Bosnia and Herzegovina, zoran.tomic@sve-mo.ba

*Содржина*

**LAW**..........................................................................................................................9
Александра Ангеловска
**РОДОСКВЕРНАВЕЊЕТО КАКО ОБЛИК НА СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО ВРЗ ДЕЦА – ОПШТЕСТВЕНА И КАЗНЕНО-ПРАВНА РЕАКЦИЈА** ................11
Борка Тушевска
**ОДГОВОРНОСТА НА СТЕЧАЈНИОТ УПРАВНИК СПОРЕД МАКЕДОНСКОТО ПРАВО**..........................................................................27
Воjо Беловски, Андон Мајхошев
**ЕВРОПСКОТО ТРУДОВО ПРАВО И ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА** .............................47
Василка Салевска-Трајкова
**СОЗДАВАЊЕТО НА ЕВРОПСКОТО УСТАВНО ПРАВО НИЗ ПРОЦЕСОТ НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА** .......................................................................75
Весна Стефановска, Богданчо Гогов
**СОЦИЈАЛНО ИСКЛУЧУВАЊЕ: ПРЕД И ПО КРИМИНАЛОТ**......................101
Vesna Stojanovic, Strahinja Miljkovic
**CHANGES IN SOCIAL INSURANCE WITHIN DISABILITY INSURANCE ON INTERNATIONAL PLAN AND SOCIAL LAW OF THE REPUBLIC OF SERBIA**
..........................................................................................................................119
Višnja Lachner
**LEGAL – HISTORICAL ASPECTS OF CRIMINAL REGULATION OF ACTIVE BRIBERY AND CORRUPTION IN STATUTORY LAW OF THE MEDIEVAL DALMATIAN MUNICIPALITIES** ..........................................................................135
Дарко Јанкуловски
**КОДЕКС ЗА ПРОФЕСИОНАЛНАТА ЕТИКА НА АДВОКАТИТЕ, АДВОКАТСКИТЕ СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ И АДВОКАТСКИТЕ ПРИПРАВНИЦИ НА АДВОКАТСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**.........................................................................................149
Диана Бошковска, Наташа Данилоска,Билјана Ангелова,Татјана Петковска Мирчевска
**ВЛИЈАНИЕТО НА ФИНАНСИСКАТА КРИЗА ОД 2008 ГОДИНА ВРЗ ПРОМЕТОТ НА МАКЕДОНСКАТА БЕРЗА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ** ..163
Димитар Апасиев, Елена Максимова
**СУДЕЊЕТО НА ВЕШТЕРКИТЕ ВО РИМСКОТО И ВО СРЕДНОВЕКОВНОТО ПРАВО** .....................................................................177
Dubravka Akšamović, Lidija Šimunović
**CROSS-BORDER INSOLVENCY PROCEEDINGS: MAIN AND SECONDARY INSOLVENCY PROCEEDINGS UNDER THE NEW EU INSOLVENCY REGULATION**.........................................................................................195
Zaneta Poposka

**SEGREGATION OF ROMA IN SCHOOLS FOR PERSONS WITH DISABILITIES – CASE LAW OF THE EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS** ....................213

Жарко Димитриевич

**КЛАУЗУЛА О ПХБ КАК ОБЯЗАТЕЛЬНЫЙ ЭЛЕМЕНТ ДОГОВОРА НА ПРОВЕДЕНИЕРЕМОНТНЫХ РАБОТНА ОБЪЕКТАХЭЛЕКТРОЭНЕРГЕТИКИ – ПОДСТАНЦИЯХ И ИХ БЛОКАХ ПИТАНИЯ** ....................227

Zeynep Ece Unsal, Ivica Simonovski

**"OPEN DOOR" VS "BACK DOOR" POLICY: LESSONS FOR TURKEY IN THE SCOPE OF TERRORISM, MIGRATION AND BORDER SECURITY** ....................241

Ivica Josifovic

**EUROPEAN UNION'S CROSS-BORDER COOPERATION IN EXCHANGING AND PROCESSING DIGITAL EVIDENCE** ....................261

Игор Камбовски

**РАЗВОЈ НА ЕЛЕКТРОНСКАТА ТРГОВИЈА** ....................277

Ice Ilijevski, Zlate Dimovski, Kire Babanoski, Aleksandar Georgiev

**SMUGGLING OF MIGRANTS DURING REFUGEE CRISES** ....................291

Jelena Kasap

**HISTORICAL- LEGAL BASIS OF REGULATION OF THE LIABILITY FOR DAMAGE CAUSED BY ANIMALS** ....................303

Јован Андоновски, Љубиша Стефаноски

**ПРАВО НА ПОСВОЕНИТЕ ДЕЦА ДА ГО ЗНААТ СВОЕТО БИОЛОШКО ПОТЕКЛО И ИДЕНТИТЕТОТ НА СВОИТЕ РОДИТЕЛИ** ....................325

Katerina Klimoska

**EUROPEAN DIGITAL SINGLE MARKET AN OPEN DOOR FOR THE FOURTH INDUSTRIAL REVOLUTION** ....................339

Кристина Мишева, Самир Латиф

**ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ ВО ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ** ....................351

Лазар Нанев, Олга Кошевалиска, Елена Максимовска

**ПРИТВОР ВО ПОСТАПКАТА СПРЕМА ДЕЦА** ....................367

Ленче Коцевска, Јован Ананиев

**ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА МЕХАНИЗМИТЕ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ЈУГО- ИСТОЧНА ЕВРОПА: СТАНДАРДИ И ПЕРСПЕКТИВИ** ....................383

Ljupcho Petkukjeski, Marko Andonov, Zoran Mihajloski, Kristina Misheva

**EMPLOYEES' PARTICIPATION IN THE MANAGEMENT AND DECISION MAKING IN PUBLIC ENTERPRISES AND INSTITUTIONS – THE CASE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA** ....................401

Maja Nastić

**THE EUROPEAN COURT FOR HUMAN RIGHTS AND NATIONAL CONSTITUTIONAL COURTS-THE RELATIONSHIP OF CONFLICT OR RELATIONSHIP OF COOPERATION** ....................421

Мария Липчанская Александровна, Куликова Светлана Анатольвена
**СВОБОДА СЛОВА КАК ФОРМА ВЫРАЖЕНИЯ КОНСТИТУЦИОННОГО КОНСТРУКТИВНОГО ПРОТЕСТА** ........ 435
Марија Амповска
**СИСТЕМ НА ДОБРОВОЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ПРЕДНОСТИ И СЛАБОСТИ** ........ 459
Marko Dimitrijević
**THE INFLUENCE OF THE NEW MODEL OF ECONOMIC GOVERNANCE ON SHAPING EUROPEAN MONETARY LAW** ........ 473
Методија Ангелески, Самир Салиевски
**ЗАСТАПЕНОСТ НА КРИМИНАЛИСТИКАТА НА ПРАВНИТЕ ФАКУЛТЕТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ........ 489
Милена Апостоловска-Степаноска
**ЕВРОПСКОТО ДРЖАВЈАНСТВО И СУДОТ НА ПРАВДАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА** ........ 505
Mirjana Sredojević
**CRIMINAL LAW SESSION DOMESTIC VIOLENCE AND THE MEDIA** ........ 519
Natalia Butusova
**КОНСТРУКТИВНОЕ ПОЛИТИЧЕСКОЕ УЧАСТИЕ ГРАЖДАН КАК ГАРАНТИЯ ИХ КОНСТИТУЦИОННЫХ ПРАВ** ........ 537
Neli Georgieva Radeva
**TRANSPOSITION OF BYZANTINE LAW IN SLAVIC LEGISLATION** ........ 561
Nerma Čolaković-Prguda
**INSTITUTIONS OF GLOBAL ECONOMY AND ECONOMIC CRISIS OF 2008** 573
Новак Крстић
**ДОГОВОРОТ ЗА НАСЛЕДУВАЊЕ ВО ИДНИТЕ ГРАЃАНСКИ КОДИФИКАЦИИ НА СРБИЈА И МАКЕДОНИЈА – ПОГЛЕД НА РАБОТНИТЕ ТЕКСТОВИ НА ГРАЃАНСКИТЕ ЗАКОНИЦИ** ........ 585
Nora Osmani
**THE RIGHT TO BE FORGOTTEN IN THE DIGITAL AGE** ........ 605
Олга Кошевалиска, Лидија Давкова
**ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ДРУГИ ПРИНОСИ ОД КАЗНИВО ДЕЛО ВО МАКЕДОНСКОТО КАЗНЕНО ЗАКОНОДАВСТВО** ........ 619
Ольга Рогачева
**НАДЛЕЖАЩЕЕ ПУБЛИЧНОЕ УПРАВЛЕНИЕ – НЕОБХОДИМАЯ И ВАЖНАЯ ЗАДАЧА РАЗВИТИЯ АДМИНИСТРАТИВНОГО ПРОЦЕДУРНОГО ПРАВА В РОССИЙСКОЙ ФЕДЕРАЦИИ** ........ 637
Петар Поп-Арсов
**ЗНАЧЕЊЕТО НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ВО ПРЕВЕНЦИЈАТА И ЗАШТИТАТА ОД**

**ДЕВИЈАНТНИ ПОЈАВИ НА ИНТЕРНЕТОТ КАКО ПЛАТФОРМА ПРЕКУ КОЈА СЕ ОДВИВАА ГЛОБАЛНИ ОПШТЕСТВЕНИ ПРОМЕНИ** ................... 657
Ристо Илиоски, Марија Амповска
**ОСОБИНИ И ДЕЈСТВО НА СТЕКНУВАЊЕТО БЕЗ ОСНОВА** ....................... 675
Sasa Knezevic, Ivan Ilic, Darko Dimovski
**FORCED STERILIZATION – A CRITICAL REVIEW OF THE ECtHR PRACTICE** ................................................................................................. 691
Suzana Dimić
**SERBIAN PERSONAL INCOME TAX IN ENVIRONMENT OF GLOBALIZATION CHANGES** ..................................................................... 709
Suzana Nashkova
**METHODS OF DETERMINATION AND PAYMENT OF THE COMPENSATION FOR KNOW-HOW AGREEMENTS: IMPLEMENTED SOLUTIONS FROM THE ASPECT OF THE MACEDONIAN LEGISLATION** ............................................... 721
Татьяна Сафронова
**ИНСТИТУТ ВЛАДЕНИЯ В ЗАКОНОДАТЕЛЬСТВЕ РОССИЙСКОЙ ФЕДЕРАЦИИ: СОВРЕМЕННОЕ СОСТОЯНИЕ И ПЕРСПЕКТИВЫ РЕФОРМИРОВАНИЯ** ........................................................................ 739
Tina Miletić
**CRIMINAL PROCEDURAL PRINCIPLES IN ROMAN LAW AND AUTONOMOUS COMMUNITIES IN MEDIEVAL DALMATIA** .......................... 757
Helga Špadina
**EMPLOYMENT AND LABOUR RIGHTS FOR PERSONS UNDER INTERNATIONAL PROTECTION IN REPUBLIC OF CROATIA** ....................... 773
Hristina Runceva Tasev
**THE THREAT OF CONTEMPORARY EUROPE: POPULISM AND EUROSCEPTICISM** ......................................................................................... 785
Xhemail Limani
**МОБИНГ ПСИХИЧКО НАСИЛСТВО НА РАБОТНОТО МЕСТО** ................ 805

**POLITICS** ............................................................................................................. 819
Alexandra Glukhova
**СОВРЕМЕННЫЙ ПОПУЛИЗМ КАК ВЫЗОВ ЛИБЕРАЛЬНОЙ ДЕМОКРАТИИ** ......................................................................................... 821
Билјана Цветановска Гугоска, Марија Караева, Весна Гоцева
**ГЛОБАЛИЗАЦИЈА VS. РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА; ВАЖНОСТА ОД ЕФИКАСНИ СТРАТЕГИИ И ПОЛИТИКИ ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ВО КОНТЕКСТ НА ГЛОБАЛИЗИРАНИОТ ЕКОНОМСКИ СИСТЕМ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ..................................................................... 839
Victoria Chernikova
**POLITICAL SYMBOLS AND REGIONAL IDENTITY IN RUSSIA** ..................... 857
Дејан Маролов, Страшко Стојановски

**ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР НАСПРОТИ ТИРАНА ПЛАТФОРМА** ............ 865

Iskren Ivanov

**GEOPOLITICS OF RUSSIAN ORTHODOXY AS AN INSTRUMENT IN THE HYBRID WAR ON THE BALKANS** ............ 887

Јован Ананиев

**КОНЦЕПЦИСКИ АСПЕКТИ НА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ ДОКУМЕНТИ ЗА ПОЛИТИКИТЕ ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ** ............ 899

Никола Амбарков

**ВАЖНОСТА НА ВЕТОТО КАКО КОЧНИЦА НА ВОЛЈАТА НА ЗАКОНОДАВЕЦОТ И ЕФЕКТИВНИ СРЕТСТВО ЗА ЗАШТИТА НА ВИТАЛНИТЕ НАЦИОНАЛНИ ИНТЕРЕСИ НА КОЛЕКТИВНИТЕ ИДЕНТИТЕТИ ВО ЗЕМЈИТЕ НА КОНСОЦИЈАЛНА ДЕМОКРАТИЈА** ............ 917

Николай Баранов

**ВЛИЯНИЕ СЕКЬЮРИТИЗАЦИИ НА ПОЛИТИКУ СОВРЕМЕННОГО ГОСУДАРСТВА: ИНФОРМАЦИОННЫЙ АСПЕКТ** ............ 933

Ольга Попова

**ЭЛЕКТРОННАЯ СИСТЕМА ГОЛОСОВАНИЯ: ПРАКТИКИ, ПОЛИТИЧЕСКИЕ ЭФФЕКТЫ И РИСКИ** ............ 949

Olga Sidenko

**META-GOVERNANCE: PROBLEMS AND PROSPECTS** ............ 967

Роман Савенков

**ОБЩЕЕ И ОСОБЕННОЕ В КОНЦЕПТУАЛЬНЫХ ПОДХОДАХ К АНАЛИЗУ ПОЛИТИЧЕСКОЙ ОППОЗИЦИИ В РОССИЙСКОЙ И ЗАРУБЕЖНОЙ ПОЛИТИЧЕСКОЙ НАУКЕ** ............ 983

Sulejman Muca

**INFLUENCE OF POLITICAL PARTIES IN THE PROCESS OF DEMOCRATIZATION** ............ 1005

**SOCIETY** ............ 1017

Анита Димитријовска-Јанкуловска

**ЗАПАДНОТО ОПШТЕСТВО-ГОРДОСТ ИЛИ ПРЕДРАСУДА?** ............ 1019

Васко Шутаров

**ЖИВЕЕЈЌИ НА РАБОТ ПОМЕЃУ КУЛТУРИТЕ И ПОВЕЌЕСЛОЈНИТЕ ОПШТЕСТВА** ............ 1029

Dobrinka Chankova

**LAW AND CUSTOM AS SOCIAL REGULATORS: HISTORICAL ASPECTS AND MODERN DIMENSIONS** ............ 1045

Драган Стефановски

**ПРОЦЕСОТ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА, ПОСТСОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ГРАД И РЕЗИДЕНЦИЈАЛНАТА СЕГРЕГАЦИЈА** ........ 1055
Драгана Лазаревска
**АНАЛИЗА НА СИСТЕМОТ НА ЗАШТИТА НА СЕМЕЈСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ........ 1073
Ирена Авировиќ
**ДАЛИ ПРЕДБРАЧНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ГО ПОДОБРУВААТ БРАКОТ? ПОГЛЕД КОН СЕМЕЈНАТА ДИНАМИКА ВО МАКЕДОНИЈА** ........ 1099
Јадранка Денкова, Панде Лазаревски, Бранка Денкова
**МЕМОРИРАЊЕТО НА ЗНАЕЊЕТО ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ОСНОВА ЗА ЕФЕКТИВНОСТА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ (СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ ВО РМ)** ........ 1115
Македонка Радуловиќ
**НОВИТЕ СЕМЕЈНИ ВРЕДНОСТИ** ........ 1129
Милица Денковска
**ФАКТОРИТЕ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ ПЕРЦЕПЦИЈАТА НА ТУЃОСТА ВО ПАТОПИСНАТА КНИЖЕВНОСТ** ........ 1147
Slavko Sasajkovski, Ljubica Micanovska
**KEYNESIANISM vs. NEOLIBERALISM – SEVERAL POLITICAL – ECONOMIC REFLECTIONS** ........ 1157
Трајче Стојанов
**НОВИОТ АТЕИЗАМ КАКО НЕОЛИБЕРАЛНО ИМПЕРИЈАЛИСТИЧКО ОРУДИЕ** ........ 1171

**MEDIA AND COMUNICATION** ........ 1183
Андон Мајхошев, Сузана Џамтовска-Здравковска
**САМОРЕГУЛАЦИЈА НА МЕДИУМИТЕ-КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА** ........ 1185
Daria Shcheglova
**СОЦИАЛЬНО-ЭТИЧЕСКИЙ МАРКЕТИНГ: ЛЕГИТИМАЦИЯ ЛОКАЛЬНЫХ ВЛАСТЕЙ В ЭПОХУ ПОСТ-ПРАВДЫ** ........ 1199
Драгана Кузмановска, Снежана Кирова, Биљана Иванова
**ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ МЕДИУМИ ВО НАСТАВАТА ПО СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ** ........ 1213
Marija Drakulovska Cukalevska, Anica Dragovic
**THE ROLE OF GLOBALIZATION AND MEDIA IN MODERN SOCIETY** ........ 1223
Наташа Данилоска, Снежана Костадиноска-Милошеска, Диана Бошковска
**НОВА СТРАТЕШКА ПЕРСПЕКТИВА НА ПРЕТПРИСТАПНАТА ПОМОШ НА ЕУ-ИПА 2** ........ 1235
Nikola Vangelov
**CULTURAL ARCHETYPES IN FACEBOOK COMMUNICATION** ........ 1253
Plamen Atanasov

**ONLINE VS. TRADITIONAL MEDIA IN THE COMMUNICATION OF YOUNG EDUCATED PEOPLE**........................................................................................1267

Страшко Стојановски, Јадранка Денкова
**МЕДИУМИТЕ И МЕДИУМСКОТО ИНФОРМИРАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ФАКТОРИ НА ВЛИЈАНИЕ НА ПОЛИТИЧКАТА МОБИЛИЗАЦИЈА ВРЗ СИСТЕМОТ НА ЈАВНОТО МЕДИУМСКО ИНФОРМИРАЊЕ** ........................................................................................1281

# МЕДИУМИТЕ И МЕДИУМСКОТО ИНФОРМИРАЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: ФАКТОРИ НА ВЛИЈАНИЕ НА ПОЛИТИЧКАТА МОБИЛИЗАЦИЈА ВРЗ СИСТЕМОТ НА ЈАВНОТО МЕДИУМСКО ИНФОРМИРАЊЕ

**Страшко Стојановски**

Проф. д-р,

Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“-Штип

e-mail: strasko.stojanovski@ugd.edu.mk

**Јадранка Денкова**

Проф. д-р,

Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“-Штип

e-mail: jadranka.denkova@ugd.edu.mk

**Апстракт**

Медиумското информирање во Република Македонија, како и во останатите сфери на општественото организирање и дејствување, се синтетички поврзани со јавниот политички дискурс, кој многупати претставува клучен фактор за детерминирање на јавното информирање во услови на политичка мобилизација. Оттука, субјективниот пристап на уредувачката политика во рамките на електронските мас-медиуми е израз на афилијациите кои одредени медиуми ги имаат во однос на одредена бизнис, идеолошка, етно-национална или политичка структура. Последното придонесува системот на јавно информирање директно или индиректно да гради релации на меѓузависност со политичките субјекти, пресликувајќи ги нивните ставови и перцепции. Сето ова влијае врз можноста граѓанинот да добие објективен, критички пристап до информациите, со што и се модифицираат неговите ставови.

Овој труд се темели на основните теоретски рамки за политиката и политичката мобилизација видени низ примерот на поставеноста на медиумскиот простор во Република Македонија. Следствено, се користени податоци кои се генерирани од меѓународни извештаи за

состојбата на медиумското известување во земјата, но и конкретни примери кои укажуваат на секојдневниот јавен политички дискурс. Исто така во трудот се поместени и резултати од анкетното истражување „Националните медиуми и јавното информирање во Република Македонија“, спроведено во периодот ноември 2016 година- април 2017 година на примерок од 1003 испитаници.

***Клучни зборови:*** *медиуми, јавно информирање, Македонија, политичка мобилизација, демократија.*

## MEDIA AND MEDIA INFORMATION IN REPUBLIC OF MACEDONIA: FACTORS OF INFLUENCE OF POLITICAL MOBILIZATION TOWARD PUBLIC MEDIA INFORMATION SYSTEM

**Abstract**

Media information system in Republic of Macedonia, like in the other spheres of social organization and action, is synthetically connected with the public political discourse and determines the presentation of public information's in terms of intensive political mobilization. The subjective approach in the editorial policies of electronic mass-media in the state many times is expression of certain business, ideological, ethno-national or political structure. On this base the media information system builds interdependence relations with certain political subjects, reflecting their attitudes and perceptions. All of this influences on objective presentation on information's toward the citizen and modification on their attitudes.

This paper is based on general theories on political mobilization and media relations seen through the media space in Republic of Macedonia. Therefore we use information's generated from international reports on media freedom, but also and concrete examples from the public political discourse. Also in this paper we will present the results from survey "National media and public information in Republic of Macedonia", conducted in the period November 2016-April 2017 of sample of 1003 citizens.

***Keywords****: media, public information, Macedonia, political mobilization, democracy.*

**Вовед**

Во својата трета деценија на егзистирање како рамноправен меѓународно-правен субјект, Република Македонија и електронските медиуми поминуваат низ значителна трансформација. Првите години од независноста, особено видлива беше контролата на владејачките политички гарнитури врз националниот телевизиски сервис во државна сопственост (МРТ), а поради малиот број на медиуми со национална концесија, со ова силно се влијаеше врз гласачкото тело. Во годините на преминот кон новиот милениум, следуваше процес на силна демократизација и плурализација на медиумскиот простор. Ова подеднакво се рефлектира и кај печатените и кај електронските медиуми, а слободата на говор изледаше нормална појава, која силно влијаеше за подигање на демократските стандарди во целокупното македонско општество. Последната декада ја одбележуваат два процеси. Првиот се однесува на технолошката револуција и зајакнувањето на интернет медиумите, што поради слободата на интернет просторот, како и потребата од мали финансиски средства за водење на ваков медиум, требаше да значи и предуслов за интензивирање на медиумската демократизација. Но последното не се случи. Спротивно, интензивирањето на политичката мобилизација преку водење на перманентни политички кампањи, го узурпира интернет просторот. Слични ретроградни процеси можеа да се забележат и кај main stream медиумите, кај кои, немањето на медиумски пазар, сопствениците на медиумите отворено ги свртe кон владеачките гарнитури. Истовремено, постепено зајакнуваше свеста на политичките субјекти, без разлика дали се провладини или проопозициони, за значењето на контролата врз медиумскиот простор. Ваквите процеси водеа кон централизација на уредувачката политика во медиумите, депрофесионализација, политички клиентелизам, но и конкретна политичка контрола, што севкупно ги намали демократските потенцијали на македонските медиуми и доведе до губење на нивната слобода и независност во уредувачката политика.

Корелативните односи помеѓу политиката и медиумите во најмала рака е двонасочна. Од една страна, во услови на пазарна економија, во која медиумите треба да го обезбедат опстанокот рамноправно натпреварувајќи се за лимитираните ресурси на малиот национален македонски пазар, истите се упатени на дополнителни финансиски извори. Од друга страна, политичките субјекти имаат потреба од контрола на медиумскиот простор, а со тоа и влијание и контрола врз гласачкото тело. Финансирањето на медиумите во чисто пазарни услови во Република Македонија е речиси и невозможно. Поради ова тие се упатени на дополнителни извори (многу често всушност се примарни) кои можеме да ги сведеме на:

1) Финансирање од Владата или владини извори (државни компании или компании во кои владата има свој удел, но и компании чии сопственици се дел од потесниот или поширокиот состав на владеачките гарнитури). Кај националниот телевизиски сервис, ваквото финансирање од државните извори се чини природно и многу често оди преку дирекни дотации, додека кон приватниот медиумски сектор финансиските средства се алоцираат преку финансирање на политички кампањи, но и владини промотивни програми и реклами.
2) Вториот алтернативен (или примарен) извор на финансирање кај електронските медиуми доаѓа директно од финансиските средства кои ги обезбедува сопственикот (сопствениците). Истото изледа нормална појава, но клучот е во фактот дека дел од медиумите ниту се обидуваат да функционираат на пазарна логика, а со тоа и да генерираат профит. Ова води кон предпоставката дека сопствениците, ги користат медиумите како параван, зад кој стои реализацијата на нивните примарни бизнис интереси, кои не се поврзани за медиумскиот бизнис. Медиумите не служат за едноставна промоција на бизнис интересите на нивните сопственици, туку, преку политичка мимикрија со политичките субјекти кои се на власт, истите обезбедуваат полесна и привилегирана позиција во пристапот до државните ресурси, подеднакво до законодавниот процес, извршната власт, но и обезбедување на канали на влијание кон судската власт. Слична е и поставеноста на одредени медиуми кон одредени опозициони политички субјекти, со главна разлика, дека моменталниот интерес е заменет со очекувања од опозициските субјекти при нивното евентуално идно освојување на власта.
3) Финансирање на медиумите од меѓународни извори на финансирање. Ваквото финансирање најчесто се обезбедува преку одредени програми, пред се на Европската унија, но и одредени меѓународни невладини и владини организации и фондации. Под плаштот на идејата за демократизација на медиумскиот простор и професионализација на медиумите и нивните вработени, постои можност за создавање на одреден политички дискурс, во рамките на кој медиумите добиваат одредени политички афилиации. Ваквата суптилна политизација на одредени медиуми, во насока на поддршка на одредени политички субјекти, станува особено видлива во услови на поинтензивна политичка мобилизација (избори, пописи и сл.).

**Опаѓање на слободата на медиумите**

Перцепциите за степенот на слобода на медиумскиот простор во Република Македонија може да се видат преку извештаите на двете најголеми медиумски мерења на рејтингот кои ги спроведуваат Фридом Хаус (Freedom House) и Репортери без граници (Reporters without Borders).

Според Freedom House во 2017 година, кога се зборува за нивото на слобода на медиумите во Република Македонија, истите се оценети како Неслободни, со индекс на слобода на печатот (ИСП) (Press Freedom Score) од 64. Во рамките на извештајот на оваа меѓународна асоцијација, медиумскиот простор во Македонија е силно политички поларизиран, а исто така нотирано е и високо ниво на самоцензура, која се јавува како резултат на притисокот врз вработените во медиумите од страна на нивните сопственици, како и политичките и бизнис елити и нивните интереси. Слична е состојбата во 2016 година, кога ваквиот индекс е 62, што повторно медиумскиот простор го категоризира како неслободен. Во 2015 година македонските медиуми се оценети како делумно слободни со ИСП од 58. Пред 10 години, во 2007 година, индексот за слобода на печатот изнесува 45, што Република Македонија, исто така, ја категоризира како медиумски делумно слободна земја (Freedom House).

Според Репортери без граници, во рамките на Светскиот индекс на слобода на печатот, со индекс 35, 74, Република Македонија во 2017 година се наоѓа на 111 место, од 180 земји во светот. Од регионот, најблиску се наоѓа Бугарија, позиционирана на 109 место. Споредувајќи се со ситуацијата во 2016 година кога Македонија се наоѓа на 118 место (индекс 36, 09), во 2015 година на 117 место (индекс 36, 26), и во 2014 година на 123 место (индекс 36, 43), можеме да забележиме блага тенденција на подобрување на слободата на печатот. Сепак, постои значителна разлика со состојбата на перцепцијата за слоботата на медиумите пред една декада. Така, во 2009 година Македонија се наоѓа на високото 34 место (индекс 8, 75), а во 2007 година на 36 место (индекс 11,5) (Reporters without Borders).

Според едно истражување на Здружението на новинарите на Македонија, спроведено во 2016 година, кај индикаторите за слобода на медиумите во Република Македонија може да се забележи силна зависност на новинарите во однос на медиумските куќи во кои работат поради нивниот нерешен работен статус, односно помалку од половина се постојано вработени во медиумот. Исто така, се забележува дека, според перцепциите на анкетираните новинари, нивната економска положба се влошува. Кога е во прашање влијанието на кое новинарите се подложни, истото најчесто доаѓа од сопствениците на новинарската куќа, но забележливо е и значително високото влијание кое доаѓа од Владините официјални претставници. Иако во ваквите прецепции постои

голема мера на слобода во изборот на сторијата која би ја работеле, постојат силни сомневања за присуство на автоцензура (Nebiu and others, 2016).

Според Истражувачкиот центар на Европскиот парламент постои тренд на намалување на медиумската слобода во Република Македонија. Ова е проследено со одредено ниво на пораст на автоцензурата, политизација и проблеми со спроведување на законите кои се однесуваат на новинарската професија. Исто така, се нагласува дека се стимулира „таблоидизација", паралелно со суптилни, но и директни влијанија врз новинарите. Кога ќе се направи паралела со земјите во регионот, се забележува општ тренд на опаѓање на слободата на медиумите, но во случајот на Македнија, доколку се направи споредба една декада наназад, забележлив е драстичен пад (Графикон 1) (Нова Македонија, 2017).

Графикон 1




Состојбата на медиумите, нивната независност и слобода во Југоисточна Европа, особено во рамките на просторите кои се уште не се интегрирани во Европската Унија (ЕУ), е значително поразлична од, на пример, земјите на Централна Европа, кај кои ваквата интеграција одамна е завршена. Токму степенот на адопција на европските демократски вредности, кои најдобро се усвојуваат преку целосна интеграција во Унијата, со што се обезбедува наметнување на стандарди, кои, покрај севкупното општествено влијание, сигурно би влијаеле и во насока на демократизација на медиумскиот простор (Savova Georgieva and others, 2015). Во конкретниот случај на Република

Македонија, може јасно да се забележи дека опаѓањето на нивото на слобода на медиумите, пресликано во извештаите на релевантните меѓународни институции и организации, се случува по неуспешната интеграција во НАТО алијансата на самитот во Букурешт во 2008 и дефинитивното замрзнување на преговорите за членство во ЕУ. Политичката апатија која настанува во овој период, води кон јакнење на внатрешните авторитарни амбиции, а со тоа и се намалува секое ниво на демократска реформа, вклучително и во рамките на медиумскиот простор. Спротивно, од овој период се одвиваат ретроградни процеси.

**Медиумите и политиката**

Кога се зборува за медиумите и политиката, се мисли на комплексните релации кои овие две општествени сфери ги градат меѓу себе. Притоа, се мисли на релациите кои медиумите и новинарите партикуларно ги градат со политичките власти (Претседател, Парламент, Влада, политички партии и сл.), а во насока на спроведување на примарната медиумска функција, која се поврзува со детерминирање на вистината преку концептуализација на постојните познати или непознати факти со кои новинарот оперира. Оттука, новинарите, преку нивните натписи, прилози, или истражувачки стории може да влијаат во насока на креирање на одредени политики, во рамките на конкретни институционални процеси (законодавство, динамика на имплементација и сл.) (Walgrave and Aelst, 2006). Но за време на политичките кампањи (или перманентна политичка кампања), релациите меѓу автономијата на уредувачката политика на медиумите и желбата за моќ и влијание на политичките субјекти може да се преклопат. Етичкиот проблем во оваа фаза станува надминлива категорија, која многу често знаат да ја споделат двете засегнати страни, особено во ситуација кога афторитарноста проектира страв, но и настанува преклопување на мотивите, кои се индивидуализираат, а со тоа и ја надминуваат професионалната етика. Сето ова е предизвикано од двата паралелни процеси кои Куцева ги нарекува „медиизација“ на политиката и „политизација“ на медиумските содржини (Kutseva, 2011).

Според Добек-Островска, во поширокиот регион слободата на медиумите е тесно поврзана со неколку сегменти. Прво, регионот го поврзува етатоцентричната и авторитарна традиција на еднопартиските комунистички системи кои беа присутни на овие простор до 90-те години од минатиот век. Медиумската слобода секогаш претставува рефлексија на природата на политичкиот систем. Второ, постои директно влијание на нивото на демократизација на општеството со слободата на медиумите, кое се врзува со политичката култура, но и изградените механизми на правна и општествена

контрола на политичката моќ. Трето, исто така постои поврзаност на нивото на економски развој на општествата со степенот на слобода на медиумите. Економската независност на нивинарите, во услови на повисок општествено-економски стандард, влијае директно врз степенот на автономија и силен професионален интегритет на истите. Во услови на економски развој, се развива и медиумскиот пазар. Од деведесеттите години на минатиот век постои јасен процес на приватизација и комерцијализација на медиумите во регионот. Ваквиот процес има свои позитивни карактеристики во насока на плурализација и демократизација на медиумскиот простор, но и негативни кои се поврзуваат со влијанието на комерцијализацијата за интензивирање на процесот на медиумска таблоидизација. Сепак, не може да се направи едноставна генерализација, бидејќи дури и во рамките на регионот постојат различни карактеристики за секоја земја, кои зависат од различните социо-економски и услови на медиумскиот простор воопшто (Dobek-Ostrowska, 2016).

Како и во дел од државите во регионот, така и во Република Македонија медиумскиот систем оперира врз база на два вида на профит- политички, кој ја генерира политизацијата и економски, кој води кон комерцијализација на медиумите. Во првиот случај политичките лидери за да ја зачуваат својата моќ настојуваат да воспостават контролата врз медиумите, додека комерцијализацијата упатува на профитна ориентираност. Ваквите две основи често упатуваат една на друга (јавно или тајно), а самата политизација не се ограничува само на политичките актери, туку и на новинарите кои јавно ги изнесуваат сопствените политички ставови, нудат поддршка за политичките актери и политичките партии (Ibid.).

Општата перцепција за електронските мас-медиуми во Република Македонија е дека постои силна политизација. Постојат повеке нивоа на поделби повеѓу новинарите и новинарските куќи. Една од поделбите е на про-владини и про-опозициски (критички настроени кон официјалната влада), која се менува во зависност од политичките промени на власта. Дополнително, медиумите се таборизираат во насока на општата политичка поделба на т.н. „предавници“ и „патриоти“. Во оваа насока, дел од медиумите се етикетирани како „соросоиди“, поради подршката која ја добиваат од различни меѓународни организации, влади или фондации, додека другите, поради својата близина со поранешната владеачка партија ВМРО-ДПМНЕ, се етикетирани како непрофесионални, а со тоа и се напаѓа професионалниот интегритет на новинарите вработени во ваквите медиуми. Поделбата може да се забележи и во рамките на двете асоцијации во кои се организирани новинарите, традиционалното Здружение на новинарите на Македонија (ЗНМ), која беше критички настроена кон поранешната влада на ВМРО-ДПМНЕ, како и Македонската асоцијација на новинари (МАН), која се јавуваше како

подржувач на поранешната влада (Petrovic, 2014). Политичкиот паралелизам може да се види и во начинот на презентирање на информациите. Така, многу често, одредена информација секогаш е проследена со противинформација, генерирана од медиумите на спротивниот табор, или праксата, кога се организираат протести, директно или индиректно, подржани од одреден политички субјект, следува организирање на контрапротести од спротивната страна. Оттука, според концептуалната рамка на Халин (Hallin) и Манцини (Mancini), македонскиот медиумски систем најмногу одговара на Поларизираниот плуралистички медиумски систем. Според Петрович, покрај медиумскиот пазар, политичкиот паралелизам, улогата на државата и професионализмот на медиумите, клучна е улогата која ја има државата, особено преку рекламните кампањи и влијанието што реално го наметнува во однос на медиумите, што придонесува за опаѓање на севкупното ниво на слобода на медиумите (Ibid.).[1] Доколу се земе во предвид фактот дека во одредени моменти приходот кој телевизиите го остваруваат од реклами изнесува над 95% од нивниот вкупен приход, а во подолг период Владата и државните компании се јавуваат како главни огласувачи, може да се воочи влијанието врз медиумскиот простор (Donev and others, 2013).

Според Добек-Островска, Македонија, заедно со Молдавија, Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Црна Гора се категоризирани во рамките на Моделот на транзициски медиуми. Реформите поврзани со медиумите кај овој модел е поврзуваат со воспоставувањето на демократски политички систем. Заедничките карактеристики се: сиромаштијата, ниското ниво на едуцирано

[1]Според Siebert, Peterson and Schramm, 1956, постојат четири теории за печатот: авторитарен, либертаријски, модел на општествена одговорност и Советски/тоталитарен/комунистички модел. Денес, Hallin и Mancini, 1994, зборуваат за три модели: Северно-атлански или либерален, Северно/ Централно Европски или модел на демократски корпоратизам, како и Медитерански или поларизиран плуралистички модел. Во последниот, во кој се сместуваат и медиумите во Македонија, покрај дел од земјите на Источна Европа, уште се припишува и на Португалија, Шпанија и Италија. Според Brüggemann, Engesser, Büchel, Humprecht и Castro, постојат четири емпириски типа на западните медиумски системи: Северен, Централен, Западен и Јужен. Според Peruško, Vozab и Cuvalo постојат три модели на медиумски системи: Јужно и Источно Европски, Европски меинстрим модел и скандинавски модел. На крајот според Dobek-Ostrowska постојат четири модели на медиумите и политиката во Централна и Исчочна Европа: хибридно либерален, модел на политизирани медиуми, модел на медиуми во транзиција, како и авторитарен модел (Dobek-Ostrowska, 2016).

општество[2], како и мал национален медиумски пазар. Недостатокот на комерцијалната основа на последната карактеристика силно влијае како фактор на обесхрабрување на посериозна странска инвестиција во медиумите, што пак, има дирекно влијание за пониското ниво на професионализација и демократизација на медиумите во овие земји (Dobek-Ostrowska, 2016).

## Резултати од истражувањето

- Методологија

Истражувањето „Националните медиуми и јавното информирање во Република Македонија“ е спроведено во рамките на предметните активности по предметите Јавност и јавно мислење и Истражувачко новинарство од студентите во трета година на студиската група Новинарство и односи со јавноста (Скопје), под менторство на проф. д-р Страшко Стојановски, на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип. Ова истражување е реализирано во периодот ноември 2016 – април 2017 година, на примерок од 1 003 испитаника, спроведени по електронски пат и со реализирање на анкетни прашалници во писмена физичка форма. Самото истражување е репрезентативно според половата припадност, возраста, регионалната застапеност, урбано-руралниот карактер на испитаниците, образованието, како и репрезентативност според нивната социјална структура.

- Резултати од истражувањето

Најголем дел од испитаниците, или 76,1 % примарно се информираат од интернет, помал дел, или 19, 9 % информациите ги добиваат од телевизија, додека незначително е застапено информирањето преку радио и дневен печат. Притоа, преку интернет мрежите се информираат дури 92,2 % од младите до 35 годишна возраст и 94,3 % од студентите, додека телевизијата како извор за информации најчесcто е застапена кај пензионерите со 83,7 %;

Испитаниците најчесто следат серии и филмови, едукативно-културни и документарни емисии, како и спортски содржини. Сериите и филмовите најчесто ги гледаат испитаниците од женски пол, или 47, 4 %, за разлика од машкиот пол кај што овој процент е двојно помал и изнесува 20,9 %. Наспроти

[2] Кога се зборува за едукација, таа подеднакво треба да се однесува и на едуцирање на новинарите и техничкиот медиумски персонал, но и едукација на публиката која се јавува како консумент на медиумските содржини (Londo and others, 2016).

ова, 19, 6 % од машкиот пол следат спортски содржини, додека овие содржини ги следат само 2,2 % од испитаниците од женски пол. Исто така, исклучително е висок процентот на студенти кои следат серии и филмови. Исто така е значајно да се напомене дека речиси е изедначено следењето на серии и филмови на интернет и на телевизија. Гледаноста на вестите, како и дебатните и политички емисии се зголемува со возраста на испитаниците. Така вестите примарно ги следат ниски 5% од младите и студентите и високи 34,7 % од пензионерите;

Телевизија најчесто се гледа во вечерните часови од 19 до 24 часот (68,6 %). Во попладневните часови телевизија најчесто гледаат средношколците со 21,7 %, а утринските програми со 16,3 % најчесто се гледани од пензионерите;

Најпопуларни телевизиски канали се каналите на Fox (Fox и Fox Live), додека од националните канали убедливо најпопуларна е телевизија Сител (139), додека на второ место е Канал 5 (67) и на трето Телевизија 24 (57).

Најгледани се вестите и информативните содржини на Сител телевизија со гледаност од 20,2 % од испитаниците, а потоа следуваат Телевизија 24 (16,9 %), Телма (13,1 %) и Канал 5 (11,8 %);

Од телевизиските канали со национална концесија, испитаниците најмногу веруваат на вестите и информативните содржини на 24 Телевизија со 18,4 %, а потоа следуваат Телма телевизија со 13, 2 % и телевизија Сител со доверба од 9,9 % од испитаниците. Она што треба да се забележи се исклучително високите 44 % од испитаниците кои навеле дека не веруваат на вестите и информативните содржини на ниту еден телевизиски канал со национална концесија;

Најпопуларен телевизиски водител е Огнен Јаневски (45) од Телевизија 24, на второ место е Лила Филиповска од Сител телевизија (30), додека третото место го споделуваат Милена Антовска од Канал 5 (25) и Драган Павловиќ-Латас од тв Сител (25);

Најпопуларна дебатна емисија е Топ Тема на телевизија Телма со гледаност од 15,9 % од испитаниците, на второ место е „Јади Бурек“ со Јанко Илковски на Сител 3 телевизија со 8,7 %, додека на трето место како омилена дебатна емисија е 24 Анализа на Телевизија 24 со преференција на 6,8 % од испитаниците. Мора да напоменеме дека најголемиот број на испитаници не се определиле за ниту една дебатна емисија, или високи 57,3 %. Гледаноста на дебатните емисии е исклучително висока кај повозрасните категории

испитаници и пензионерите, додека кај студентите апстиненцијата од гледање на вакви содржини изнесува исклучително високи 68,6 %;

Најпопуларна тв серија во рамките на националните телевизиски канали е серијата „Парампарче“, која се емитува на Сител телевизија;

Според квалитетот и објективноста на телевизиските програми највисок индекс има Телевизија 24 (2,95), додека најнизок МРТ (1, 98);

Она што можеме да го заклучиме од резултатите на истражувањето е дека на телевизиските канали со национална концесија недостасуваат програмски содржини со едукативен карактер.

- Истражувањето во контекст на релациите помеѓу медиумите и политиката

Иако самото истражување директно не се однесува на аспектите на политичка мобилизација и на влијанието на политиката врз медиумите, сепак, можеме да продуцираме соодветни заклучоци кои, во рамките на контекстот на конкретниот медиумски простор, би имале соодветно значење. Најпрвин би сакале да го истакнеме фактот дека, и покрај својата традиционална улога, телевизијата постепено го отстапува доминантното место во процесот на јавното информирање на интернетот. Ова особено е забележливо кај помладите категории на испитаници и студентите, но и кај останатите, со исклучок на пензионерите и повозрасните лица, кај кои се уште доминира телевизијата (Графикон 2). Ваквите трендови се глобално распространети, особено во последната декада. Така, од аспект на политичката мобилизација, многу истражувања ја потврдуваат традиционалната улога на телевизијата и нејзиното влијание врз гласачите и гласачкото однесување (Sørensen, 2015), додека денес се повеќе се зборува за влијание на социјалните мрежи и информациите кои се добиваат на интернет, а исто, така се користат во услови на интензивна политичка мобилизација. Класичен пример за последното е улогата која социјалните мрежи ја имаа во проширувањето на т.н. Арапска пролет (Storck, 2011).

Графикон 2




Како што веќе претходно споменавме постои силна таборизација на медиумите во однос на политичката опција која истите ја подржуваат.[3] Така, во периодот на спроведување на истражувањето може да се направи поделба на про-владини телевизиски канали (Сител, Канал 5, Алфа и Тв. Нова), додека друг дел се јавуваат во насока на критика кон власта и многу често во насока на поддржување на опозицијата (Телма, Телевизија 24 и Алсат М). Државната МРТ, поради зависноста од државното финансирање, традиционално секогаш бил провладино настроена, во периодот на истражувањето се наоѓаше во процес на реформирање како резултат на договорот од Пржино.[4]

[3] На пример, јасно може да се забележи разлика во пристапот на известување и уредувачката политика на различните телевизии поврзано со „Специјалното јавно обвинителство“ (Мајхошев и Бакев, 2016).

[4] Ваквата ситуација во меѓувреме делумно е променета. Со промената на власта, претходно проопозициските канали се јавуваат во својот наратив во насока на поддршка на новата власт на СДСМ и критика на поранешната владејачка партија на

Од истражувањето може да се забележи дека т.н. провладини медиуми се значително попопуларни од оние кои беа критички настроени кон власта. Табелата 1 ги претставува најпопуларните национални телевизиски канали, односно испитаниците одговараат на прашањето Кој е вашиот омилен тв. Канал? (Табела 1). Понатаму, исто така Канал 5 и Сител ги имаат и најпопуларните и најгледаните серии (Табела 2), додека кај тв. водителите, најпопуларен е водител кој доаѓа од телевизија 24, но останатите се однесуваат на Сител и телевизија Канал 5 (Табела 3).

Табела 1

Кој е вашиот омилен телевизиски канал?

| **Ред. број** | **Телевизиски канал** | **Број на гласови** |
|---|---|---|
| **1.** | Сител телевизија | 139 |
| **2.** | Канал 5 | 67 |
| **3.** | 24 Телевизија | 57 |

Табела 2

Која е вашата омилена серија?

| **Ред. Број** | **Име на серијата** | **Број на гласови** |
|---|---|---|
| **1.** | Парампарче | 45 |
| **2.** | Украден живот | 26 |
| **3.** | Вљубениот ерген | 22 |

ВМРО-ДПМНЕ. Исто така, постои извесна промена во уредувачката политика на Канал 5, но сеуште е рано да се продуцираат одредени заклучоци.

Табела 3

Кој е вашиот омилен тв. водител (ка)?

| Р.број | Име и презиме на водител/ка | Телевизија | Број на гласови |
|---|---|---|---|
| **1.** | Огнен Јанески | 24 Телевизија | 45 |
| **2.** | Лила Филиповска | Сител | 30 |
| **3.** | Милена Антовска | Канал 5 | 25 |
| **3.** | Драган Павловиќ-Латас | Сител | 25 |

Од истражувањето може исто така да се забележи дека провладините телевизиски канали (Сител, Канал 5, Алфа и Тв. Нова) имаат гледаност на вестите и информативните содржини од 34, 5 %, додека критички настроените медиуми (Телма, Телевизија 24 и Алсат М) имаат гледаност од 31 %. Но, кога се работи за довербата ситуацијата е поразлична. Вкупната доверба кај провладините канали е 18, 8 %, додека кај проопозиционите ваквата доверба изнесува на 32, 6 % (Графикон 3). Исто така, може да се забележи дека кај телевизија Сител довербата е преполовена во однос на гледаноста на информативните содржини (Графикон 4). Исто така, во рамките на дебатните емисии доминира гледаноста на т.н. проопозициски канали (Графикон 5).

Графикон 3



Графикон 4


Bar Chart
Count
250
200
150
100
50
0
На кој од посочените национални телевизиски канали најмногу верувате на вестите и информативните содржини?
Нема податок
МРТ
Сител
Телма
24 Вести
Канал 5
Алсат М
Тв Нова
Алфа
На ниту една од наведените
Нема податок
МРТ
Сител
Телма
24 Вести
Канал 5
Алсат М
Тв Нова
Алфа
Ниту една од наведените
На кој од посочените национални телевизиски канали најчесто ги следите вестите или информативните содржини?




Графикон 5

## Заклучоци

Кога се зборува за слободата на медиумите и политичкото влијание врз медиумите во Република Македонија, мораме да истакнеме дека слободата на медиумите е директно поврзана со комерцијалната основа на истите и зависноста од надворешни извори на финансирање. Од аспект на финансирањето, мешањето и контролата на уредувачката политика се одвива под влијание на официјалните Влади и државните органи, односно политичките субјекти кои ги контролираат државните ресурси, понатаму, влијанието од сопствениците на медиумите, кои, исто така имаат лични бизнис интереси поврзани надвор од медиумискиот бизнис и на крајот, влијание од мегународни организации или фондации, кои, преку проектни активности успеваат да го наметнат сопственото влијание и интереси врз медиумите.

Многу јасно може да се воочи поделбата на медиумскиот простор, новинарските асоцијации, па дури и самите новинари, според нивните, или политичките афилијации на медиумските куќи кои ги застапуваат. Од друга страна, комерцијализацијата води кон таблоидизација, со што се намалува квалитетот на медиумските содржини. Поради ова, потребно е да се работи на едукација подеднакво и на медиумските работници, но и во насока на подигање на културниот дискурс на самото граѓанство.

Од спроведеното истражување можеме да заклучиме дека значително опаѓа гледаноста на т.н. main stream медиуми, а се зголемува информирањето преку интернет мрежите. Ова упатува на заклучокот дека во иднина политичката мобилизација се поинтензивно ќе се води на социјалните мрежи. Во насока на гледаноста, во периодот до април 2017 година, провладините телевизиски канали со национална концесија имаат поголема гледаност од проопозициски настроените медиуми. Но ваквата состојба, сепак се темели и на гледаноста на неинформативни содржини, како што се забавни програми, шоуа, или серии и филмови. Во оваа насока, мораме да забележиме дека довербата во вестите и информативните содржини на провладините медиуми е речиси двојно помала од онаа на проопозициските. Слична е и состојбата кога се зборува за контактни и дебатни емисии. Сето ова укажува дека проопозициските канали имаат поголем потенцијал за креирање на јавното мислење, а со тоа и поголемо влијание врз граѓаните во услови на поинтензивна политичка мобилизација.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Dobek-Ostrowska, Bogusława (2016) 25 years after communism: four models of media and politics in Central and Eastern Europe. Во, Democracy and Media in Central and Eastern Europe 25 Years On. Warsow: Peter Lang Edition, 11-39.

Donev, Dejan, Jordan Dukov, Vlatko Chalovski, Veronika Kamchevska, Naum Trajanovski (2013) Overview of media landscape in the Republic of Macedonia. Во, Europe, Here and There, Analyses on Europeization Discourse in the Western Balkans Media, Novi Sad: Faculty of Philosophy, 48, 49.

Freedom House (https://freedomhouse.org). Превземено на 10. 07. 2017 година.

ЕП: Македонија со најголем пад во слободата на медиумите на Западен Балкан. Нова Македонија, 02.05.2017. Линк http://novamakedonija.com.mk/NewsDetail?title=%D0%95%D0%9F-%D0%9C%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D1%81%D0%BE-%D0%BD%D0%B0%D1%98%D0%B3%D0%BE%D0%BB%D0%B5%D0%BC-%D0%BF%D0%B0%D0%B4-%D0%BA%D0%B0%D1%98-%D1%81%D0%BB%D0%BE%D0%B1%D0%BE%D0%B4%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D1%83%D0%BC%D0%B8-%D0%BD%D0%B0-%D0%97%D0%B0%D0%BF%D0%B0%D0%B4%D0%B5%D0%BD-

%D0%91%D0%B0%D0%BB%D0%BA%D0%B0%D0%BD&id=5c087ec0-8d3b-4d9e-a04a-54dfd46a4d69. Превземено на 10. 07. 2017 година.

Kutseva, Gergana (2011) New Realities: ‘Mediatization’ of Politics or ‘Politicization’ of Media Content. Во, Media and Politics. Sofia: Foundation Media Democracy, Konrad-Adenauer-Stiftung, стр. 147-162.

Londo, Ilda и др. (2016) Media Literacy and Education Needs of Journalists and the Public in Albania, Bosnia-Herzegovina, Former Yugoslav Republic of Macedonia, Montenegro, Serbia. Project "Partnership in Southeast Europe for the Development of the Media", Sofia: Media Development Center, стр. 52-65).

Мајхошев, Андон и Златко Бакев (2016) Како известуваат медиумите во Република Македонија за активностите на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите во периодот од 01. 04. – 30. 06. 2016. Во, Зборник на трудови од Третата меѓународна научна конференција: „Општествените промени во глобалниот свет“. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, стр. 989-1008).

Nebiu, Besim, Naser Selmani and Dragan Sekulovski (2016) Indicators on the level of media freedoms and journalists’ safety (Macedonia). Skopje: Association of Journalists of Macedonia, pp. 28-35.

Savova Georgieva, Elena, Yulia Socratovna Danilova, Aleksei Yuryevich Bykov, Anna Smoliarova Sergeevna, Nikolai Sergeevich Labush (2015) Media Systems of South-Eastern Europe in the Condition of Democratic Transition: The Example of Albania, Bulgaria, Macedonia and Serbia. Во, International Review of Management and Marketing, 5 (Special Issue) 105-114.

Petrovic, Jelena (2014) WHO IS RESPONSIBLE FOR SUPPRESSION ON FREEDOM OF MEDIA IN MACEDONIA?, Analysis on controlling mechanisms in a democratic country. Во, DEMOCRACY AND HUMAN RIGHTS IN SOUTH EAST EUROPE: SELECTED MASTER THESES, A.Y. 2013-2014. Sarajevo: University of Sarajevo, Center for Interdisciplinary Studies, Istituto per l’Europa Centro-Orientale e Balcanica, University of Bologna. pp. 199-332.

Reporters without Borders (https://rsf.org/en/macedonia). Превземено на 10. 07. 2017 година.

Sørensen, Rune J. (2015) The impact of state television on voter turnout. Во, British Journal of Political Science.

Storck, Madeline (2011) The Role of Social Media in Political Mobilisation: a Case Study of the January 2011 Egyptian Uprising. MA Theses: University of St. Andrews.

Walgrave, Stefaan & Peter Van Aelst (2006) The Contingency of the Mass Media's Political Agenda Setting Power: Toward a Preliminary Theory. Bo, Journal of Communication: International Communication Association 88–109.